РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ИНФОРМАЦИЈА

за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2013 година

СКОПЈЕ, мај 2014 година

## *1. В о в е д*

Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2013 година има за цел да ги презентира досегашните согледувања за ефектите од примената на Законот за извршување, со посебен осврт на резултатите од работата на извршителите од извршениот вонтеренски надзор и анализа на финансиската состојба на извршителите, извршените редовни и вонредни надзори над работата на извршителите, доставени предлози за поведување на дисциплински постапки и изречени дисциплински мерки, именување на извршители, спроведување на испити за извршители, како и соработката со Комората на извршители на Република Македонија.

Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) е донесен во мај 2005 година, а започна да се применува од 26 мај 2006 година.

Министерството за правда низ годините station наназад постојано и непречено го следеше функционирањето на новиот систем на извршување, и тоа како од аспект на ефекти од извршувањето, така и од аспект на успешност на работата на извршителската должност. Законот за извршување има исклучително позитивни економски влијанија, со оглед на фактот што истиот докажа дека системот на приватни извршители, овозможува брза и ефикасна наплата на побарувањата на доверителите, што овозможува побрз обрт на средставата во стопанството и подбра бизнис клима.

## *2. Резултати од примената на Законот за извршување*

### *2.1. Прилив на барања за извршувања*

Во 2013 година извршителите на територијата на Република Македонија, примиле вкупно 141.115 барања за извршување, што во споредба со 2012 година кога примиле 173.224 барања, претставува намалување од 19% Меѓутоа со оглед на фактот дека приливот во 2012 година беше резултат на реализираниот трансфер на старите извршни предмети од судовите кај извршителите, истиот не загрижува. Дотолку повеќе што ако се споредат податоците со 2011 година (78.232) забележителен е 90% раст на примените предмети,.

### *2.2. Реализација на барањата за извршување*

Во текот на 2013 година извршителите реализирале 46.729 барања за извршување или 33% од примените барања за извршување, што споредено со 2012 година (20%), преставува зголемување на процентот на релизација на извршните исправи.

Забележителен е и номиналниот пораст на извршените предмети во однос на 2012 година кога се извршени 34.474 предмети, и тоа за 12.255 предмети, што претставува 26% раст на извршени предмети.

Во однос на реализираните барања за извршување карактеристично е тоа што од вкупно реализираните барања 99% се однесуваат на извршување за наплата на парични побарувања, додека само 1% се однесуваат на наплата на непарични побарувања.

Во однос на начинот на реализирање на примените барања за извршување на парично побарување, и понатаму доминантен начин на извршување се реализациите врз парични средства на должниците со 62 %, а само во 12% од предметите се спроведува извршување врз подвижни предмети на должници.

Извршената анализа на времетраењето на извршувањето на предметите покажува дека 54% од извршените предмети завршиле во рок од 3 месеци, 10% до 6 месеци, 11% до 1 година, а за остатокот од извршните предмети, извршувањето трае над 1 година. Ова покажува дека воспоставениот систем на приватно извршување овозможува исклучително брза и ефикасна реализација на извршните исправи, се разбира ако должникот има имот. 75% од извршувањата се реализирале во рок до 1 година што укажува на фактот дека целосно е надминат проблемот присутен пред македонските судови со бавната реализација на извршните исправи, а кој претставуваше сериозна пречка за приближувањето на Република Македонија кон ЕУ.

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кој го прикажале извршителите во своите извештаи за работењето во текот на 2013 година изнесува 7.858.524.253,00 денари односно 128.197.785 Евра, кои повторно се влеале во економско правниот промет на државата.

Анализата на податоците за структурата на наплатените средства според доверители укажуваат на тоа дека процентот на наплата за Република Македонија како доверител е само 1 %, односно наплатени се 116.885.750,00 денари. Наспроти тоа пак одливот на средства по основ на извршување спрема Република Македонија како должник е 11 % или 856.955.693,00, денари. Притоа треба да се има предвид дека државата како доверител се јавува само како странка во граѓанските спорови, бидејќи целокупното друго присилно извршување по основ на изречени парични казни во сите судски и управни постапки се спроведува според Законот за даночна постапка преку Управата за јавни приходи.

**3.Анализа на финансиската состојба на извршителите**

Извршителите во Република Македонија, согласно законската обврска од член 53-а став 1 од Законот за извршување, доставуваат писмени извештаи до Комората на извршители на РМ за своето работење во претходната година, во кој го наведуваат вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи, вкупниот износ на наплатени средства за цена за администрирање на предметите, за преземани извршни дејствија и награда за реализирани извршни исправи. Кон извештајот доставуваат и копија од завршната сметка доставена до Управата за јавни приходи.

Според член 72 став 2 од Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија е должна до министерот за правда, секоја година најдоцна до 1 април да достави писмен извештај за работењето.

За потребите на анализата изготвен е Збирен извештај за финансиското работење на извршителите во текот на 2011, 2012 и 2013 година кој заради обемноста е прикачен засебно како Прилог 1 кон Информацијата. Анализите на доставените податоци укажуваат на следните состојби:

3.1. Вкупниот износ на бруто приходи на извршителите за 2013 година изнесува 526.361.352,00 денари. Споредбата на податоците за 2013 година со 2012 година (52.766.497) укажува на фактот дека извршителите оствариле 11% повеќе приходи по овој основ.

Притоа на име цена за администрирање наплатиле износ од 57.667.327,00 денари, на име преземени извршни дејствија наплатиле износ од 241.847.571,00 денари и на име награда за извршување наплатиле износ од 226.846.453,00 денари. Во 2013 година споредбено со 2012 година извршителите оствариле повеќе приходи по овие основи за 8,5% (цена за администрирање), 13% (преземени извршни дејствија) и 9% (награда) последователно.

3.2. Најниски приходи во 2013 оствариле извршителите на подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево- 22.152.452,00 денари, само незначително малку пред нив се извршителите на подрачјето на Основниот суд Тетово со 22.901.894,00 денари.
Меѓутоа во споредба со 2012 година,кога се остварени 17.179.172,00 денари, зголемен е вкупниот приход на извршителите на подрачје Гостивар и Кичево за 22%., односно за 32% на подрачјето на Основниот суд Тетово.

3.3. Исто како во 2012 година и во 2013 година највисоки приходи остварени се на подрачјето на Основниот суд во Скопје, потоа подрачјето на Основните судови

Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино и подрачјето на Основните судови Битола и Ресен.

Имено во 2013 година на подрачјето на Основниот суд во Скопје остварени се приходи во износ од 232.519.789,00 денари, односно во споредба со 2012 година кога бил остварен вкупен приход во износ од 212.196.068,00 денари се забележува зголемување на приходите од 9%.

Следи подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино каде извршителите оствариле приходи во вкупен износ од 52.236.608,00 денари и кај нив се забележува пораст во вкупно остварените приходи од 12% во споредба со 2012 година (45.879.124,00 денари).

На подрачјето на Основните судови Битола и Ресен во 2013 година извршителите оствариле приходи во вкупен износ од 43.180.600,00 денари и во споредба со 2012 година (41.272.259,00 денари), исто така се зголемени приходите на извршителите за 4 %.

3.4. Според податоците од завршните сметки на извршителите состојбата е следна:

3.4.1. Вкупниот износ на бруто приходи по завршна сметка кој го оствариле извршителите во 2013 година изнесува 735.768.489,00 денари. Во споредба со 2012 година кога извршителите оствариле бруто приходи во износ од 680.263.772,00 денари се забележува пораст на приходите на извршителите за 7,5 %. Просечно остварениот бруто приход во Република Македонија по извршител во 2013 година, по завршни сметки изнесува 7.507.842 ден.

3.4.2. Најнизок бруто приход оствариле извршителите на подрачјето на Основните судови Куманово, Крива Планка и Кратово, и тоа во вкупен износ од 32.238.652,00 денари. Просечно остварениот приход по извршител изнесува 3.582.072,00 денари, во услови на зголемен прилив на предмети од 17%, и процент на реализација од 32% во споредба со 2012 година.

3.4.3. Највисок бруто приход оствариле извршителите на подрачјето на Основниот судови во Скопје и тоа во вкупен износ од 232.519.789 денари, во услови на 46% зголемена реализација на барањата за извршување, Притоа во просек остварени се 9.444.683 денари по извршител, што преставува зголемување на приходите за 10% во споредба со приходите остварени во 2012 година.

Воедно извршителите од подрачјето на Основните судови Охрид, Струга и Дебар оствариле најголем пораст на просечниот бруто приход во споредба со 2012 годин аза 22%, односно износ од 9.276.700 денари

3.4.4. Податоците од завршните сметки на извршителите за 2013 година, покажуваат зголемување на расходите на извршителите за 9%. Имено во 2013 година извршителите во завршните сметки прикажале вкупни расходи во износ од 441.119.780,00 ден, а во 2012 година 401.645.032,00 денари.

3.4.5. Нето приходите на извршителите во РМ изнесуваат 263.868.724,00 денари, односно за 5 % повеќе во споредба со 2012 година кога оствариле нето приходи во износ од 251.055.507,00 денари. Во Република Македонија во 2013 година извршителите прикажале просечен нето приход во износ од 2.692.538,00 денари по извршител, што претставува намалување во однос на прикажаниот просечниот нето приход од 2012 година за 1,4%.
И во оваа година 2 извршители имаат прикажано нето приход под 0 денари односно бележат работа со загуба.

3.5. Како Прилог 2 кон оваа Информација приложена е Табела со приказ на бројот на извршители по подрачја компаративно за 2012 и 2013 година, а според:

1)Бруто приходи врз основа на цена за администрирање, цена за извршни дејствија и наград на извршителите

2) Бруто приходи во завршна сметка

3) Нето приход по прикажани расходи на извршители

градирани според приходи до 1 милион денари, од 1 до 2 милиони денари, од 2 до 3 милиони денари, од 3 до 5 милиони денари и над 5 милиони денари.

Во табелата приходите на извршителите се прикажани во 3 колони од причина што постои разлика во податоците за приходите кои ги прикажуваат извршителите до Министерството за правда по основ на цена за администрирање, цена за извршни дејствија и награда (колона 1) и бруто приходите кои ги прикажуваат извршителите во завршната сметка (колона 2), додека нето приходите (колона 3) се прикажани по одбивање на расходите од бруто приходите по завршните сметки (колона 2).

Видно од податоците прикажани во табелата, во колона 1 награда до 1 милион денари во 2012 година прикажале 8 извршители, а по истиот основ во 2013 година прикажале 3 извршители. Приход до 1 милион денари во колоната 2 и во 2013 и 2012 година прикажале 2 извршители. Во колоната 3 нето приходи до 1 милион денари, во 2012 година прикажале 24 извршители, а во 2013 година 17 извршители.

Приходи од 1 до 2 милиони денари, во колона 1во 2012 година прикажале 11 извршители, а во 2013 година прикажале 10 извршители. Приходи од 1 до 2 милиони денари во колона 2 во 2012 година прикажале 8 извршители, а по истиот основ во 2013 година 6 извршители. Нето приходи од 1 до 2 милиони денари, во колона 3 во 2012 година прикажале 19 извршители, а во 2013 година 28 извршители.

Приходи од 2 до 3 милиони денари во колона 1 во 2012 година прикажале 9 извршители, а по истиот основ во 2013 година 11 извршители. Приходи од 2 до 3 милиони денари во колона 2, во 2012 година прикажале 6 извршители, а по истиот основ во 2013 година 7 извршители. Нето приходи од 2 до 3 милиони денари, во колона 3, во 2012 година прикажале 14 извршители, а во 2013 година 17 извршители.

Приходи од 3 до 5 милиони денари во колона 1 во 2012 година прикажале 22 извршители, а во 2013 година 29 извршители. Приход од 3 до 5 милиони денари во колона 2, во 2012 година прикажале 22 извршители, а во 2013 година 19 извршители. Нето приходи од 3 до 5 милиони денари, во колона 3, во 2012 година прикажале 19 извршители, а во 2013 година 24 извршители.

Приход над 5 милиони денари во колна 1 во 2012 година прикажале 41 извршители, а по истиот основ во 2013 година прикажале 44 извршители. Приход над 5 милиони денари, во колоната 2, во 2012 година прикажале 54 извршители, а по истиот основ во 2013 година 63 извршители. Нето приходи до 5 милиони денари, по прикажани расходи во завршна сметка, во 2012 година прикажале 16 извршители, а во 2013 година 11 извршители.

### *4. Именување на извршители*

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршители за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериуми за бројот и распоредот на службените седишта на извршители на подрачјето на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.146/07), бројот на места за именување на извршители по подрачја од 69 се зголеми на 132 извршители.

Во текот на 2013 година именуван е само еден извршител и тоа за подрачјето на Основниот суд Куманово, Основниот суд Крива Паланка и Основниот суд Кратово.

Со оглед дека од вкупно 132 предвидени службени седишта на извршители по подрачја во Република Македонија, должноста извршител моментално ја вршат 99 извршители, непополнети сеуште остануваат 33 извршителски места, кои ќе се пополнат во зависност од потребите за ефикасно вршење на правниот промет за тоа подрачје.

Во оваа извештајна година назначени се осум помошници на извршители и именувани се 11 заменици на извршители. Воедно донесени се пет решенија за разрешување на заменици на извршители, по барање на извршителите.

Во канцелариите на извршителите во Република Македонија во 2013 година, биле вработени 460 лица не вклучувајќи ги извршителите, што е за 60 лица повеќе од 2012 година.

### *5. Испит за извршители*

Министерството за правда во соработка со Комората на извршители на Република Македонија и основните судови ги реализираше дел од активностите предвидени во Акциониот план за афирмација на професијата извршител и тоа:

- На веб страницата на Министерството за правда беше објавено Соопштение за сите дипломирани правници кандидати за полагање на испитот за извршители дека Минисретството за правда објавува листа на извршители, кои почнувајќи од април до декември 2013 година, ќе примаат на практична работа дипломирани правници – кандидати за полагање на испитот за извршители. Министерството за правда го достави Соопштението за сите дипломирани правници кандидати за полагање на испитот за извршители и Листата од извршители кои примаат на пракса дипломирани правници до Комората на извршители, Универзитетот "Св..Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Државниот универзитет во Тетово и Универзитетеот на Југоисточна Европа во Тетово.
- Во Комората на извршители на Република Македонија се пријавуваат и распоредуваат кандидати дипломирани правници за спроведување на пракса во извршителски канцеларии, заради запознавање со должноста извршител и објавување на пракса,
- Огласот за полагање на испитот за извршители беше објавен на веб стараната на Министерството за правда и на веб страните и на огласите табли на основните судови.
- Донесен е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители ("Службен весник на РМ" бр.90/05,142/07, 79/09 и 101/13), со кој предвидена е посебна Програма за полагање на испитот за извршители за кандидати кои положиле правосуден испит, со што избегнато е повторувањето на правната материја која е опфатена со правосудниот испит.

Акциониот план за афирмација на должноста извршител беше осмислен, како средство за потикнување на дипломираните правници да го полагаат испитот за извршители со цел создавање на поголем број на потенцијални извршители кои ќе ја вршат извршителската должност. Акциониот план даде позитивни резултати, односно зголемен е бројот на лица кои го положија испитот за извршители.

Исто така Министерството за правда во соработка со Комората на извршители на Република Македонија и Тетовскиот државен универзитет на 28.02.2013 година одржа тркалезна маса на која беа присутни професори од Правниот факултет при Тетовскиот државен универзитет, студенти од Правниот факултет, Претседателот на Комората на извршители на Република Македонија и извршител од Тетово. На

одржаната тркалезна маса министерот за правда ја промовираше должноста извршител како самостојна дејност на лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, условите за полагање на испит за извршители и условите за именување на извршител, придобивките од вршење на оваа должност и натамошните активности кои ќе се преземат за афирмација на должноста извршител.

Во поглед на бројот на лица кои го положиле испитот за извршители во текот на 2013 година состојбата е следна:

Во оваа извештајна година во пет испитни сесии, вкупно 19 кандидати го положија испитот за извршители, што во споредба со 2012 година кога испит за извршители положиле само 8 кандидати, значи 100% пораст на положени кандидати.
Согласно Правилникот за програмата и начинот на полагање испит за извршители ("Службен весник на РМ" бр.90/05,142/07, 79/09 и 101/13), во текот на 2013 година беа одржани пет испитни сесии, од кои:
- во февруарска испитна сесија, положиле двајца кандидати;
- во априлска испитна сесија, положил еден кандидат;
- во јунска испитна сесија, положиле двајца кандидати;
-во септемвриска испитна сесија, положиле четворица кандидати.
-во ноемвриска испитна сесија 2013 година положиле десет кандидати..

*6. Извршени надзори над работата на извршителите во 2013 година*

Според Законот за извршување, Министерството за правда врши редовен надзор над работата на извршителите и на Комората на извршители на Република Македонија, најмалку еднаш годишно. Редовниот надзор се врши континуирано врз основа на месечен план, додека вонтеренски надзор над работата на извршителите по пат на месечни извештаи кои извршителите ги доставуваат до Министерството за правда. Министерството за правда врши и вонреден надзор над работата на извршителите и над Комората на извршители на РМ во секое време по службена должност или по барање на претседателот на судот, согласно со правилата за редовен надзор утврдени во Законот за извршување.

Министерството за правда, односно Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, работните задачи во врска со вршењето на надзор над работата на извршителите ги извршува по месечни планови, кои се изготвуваат на начин што приоритет имаат дописите од странките кои доставуваат сознанија за нестручно и несовесно работење на извршителите, а при вршењето на овие надзори се врши и редовниот надзор.

Министерството за правда во 2013 година изврши надзори кај 74 извршители, од кои 39 редовни надзори и 70 вонредени надзори. Врз основа на констатираните состојби од извршените редовни надзори и вонредни надзори, Министерот за правда поднесе 56 предлози за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на извршители до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ. Во оваа извештајна година, Претседателот на Комората на извршители поднел еден предлог за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на извршители.

Дисциплинската комисија на Комората на извршители во 2013 година изрекла 31 дисциплинска мерка и тоа: 10 дисциплински мерки јавна опомена, 20 дисциплински мерки парични казни и една дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител во траење од три месеци.

Министерството за правда преку Секторот за надзор над работењето на извршителите, нотарите и медијаторите, преку вршење на надзорот над работењето на извршителите врши воедначување и унифицирање во постапувањето на извршителите согласно Законот за извршување и подзаконските акти кои ги применуваат во нивното работење.

### *7. Комора на извршители на Република Македонија*

Согласно Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија (КИРМ) претставува професионална организација на извршителите во која задолжително членуваат извршителите и замениците извршители во државата. Комора на извршители на Република Македонија се грижи за угледот и честа на вршењето на должноста извршител, совесно и во согласност со закон.

Во однос на соработката на Комората на извршители со Министерството за правда, мора да се потенцира меѓусебната доверба во намерите за создавање на подобар систем за извршување. Министерството за правда не само што врши надзор над работењето на извршителите, туку и постојано соработува со Комората на извршители во правец на разрешување на проблеми со кои се соочуваат извршителите во примената на Законот за извршување, преку учество на Претседателот на Комората на извршители на Република Македонија во Работната група за изготвување на нов Законот за извршување, како и преку постојани консултации за решавање на проблеми при вршењето на извршителската должност.

Прилог 1

## Збирен извештај за финансиско работење на извршителите во текот на 2011, 2012 и 2013 година

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од аминистрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основните судови Скопје 1 и Скопје 2** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 33 | 30.161 | 10.499 | 25.531.329 | 78.809.292 | 93.381.878 | 197.722.499 | | | 5.991.590 | |
| 2012 | 35 | 63.190 | 10.395 | 23.177.246 | 88.930.671 | 100.088.150 | 212.196.068 | 298.085.689 | 94.339.726 | 8.516.734 | 2.695.421 |
| 2013 | 35 | 63.691 | 14.719 | 25.216.983 | 99.967.586 | 107.335.220 | 232.519.789 | 330.693.379 | 104.719.337 | 9.444.683 | 2.991.981 |
| споредба12/13 | | 1% зголемување | зголемена 46% | 8% зголемување | 11% зголемување | 7% зголемување | 9% пораст | 10% пораст | 10% пораст | 10% пораст | 10% пораст |
| **Основен суд Битола и Ресен** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 5.152 | 2.224 | 3.866.251 | 16.877.329 | 19.202.104 | 39.945.684 | | | 5.707.812 | |
| 2012 | 7 | 9.701 | 2.704 | 3.617.732 | 18.511.056 | 19.143.471 | 41.272.259 | 47.992.508 | 23.300.727 | 6.856.073 | 3.328.675 |
| 2013 | 7 | 7.100 | 5.424 | 4.155.863 | 20.186.510 | 18.838.227 | 43.180.600 | 49.429.927 | 23.306.494 | 7.061.418 | 3.329.499 |
| споредба12/13 | | 27 % намален прилив | зголемена за 100% | 13% зголемување | 8% зголемување | 2% намалување | 4% пораст | 3% пораст | 0,03% пораст | 3% пораст | без промени |
| **Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 9 | 9.160 | 3.115 | 8.190.104 | 16.983.820 | 14.597.634 | 26.132.684 | | | 2.903.631 | |
| 2012 | 9 | 28.240 | 4.482 | 6.982.379 | 22.546.179 | 16.350.566 | 45.879.124 | 73.157.936 | 31.363.925 | 8.128.660 | 3.484.881 |
| 2013 | 9 | 13.305 | 5.665 | 5.976.822 | 25.102.230 | 21.157.556 | 52.236.608 | 78.521.072 | 30.881.388 | 8.724.564 | 3.431.265 |

| Извршители по подрачја | бр. изв рш ите ли | Примени барања за извршув ање | Реализира ни барања за извршувањ е | Наплатени средства по основ „цена за администри рање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од администрира ње, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| споредба12/13 | | 53% намален прилив | 21% зголемување | 17% намалување | 10% пораст | 23% зголемување | 12% зголемување | 7% зголемување | 1,5% намалување | 7% зголемување | 2% намалување |
| Основниот суд Гостивар и Кичево | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 3 | 2.416 | 828 | 2.727.484 | 10.008.770 | 8.340.269 | 21.076.523 | | | 7.025.507 | |
| 2012 | 4 | 4.455 | 929 | 2.323.938 | 7.393.737 | 7.461.497 | 17.179.172 | 26.557.043 | 9.820.857 | 6.639.261 | 2.455.214 |
| 2013 | 4 | 5.806 | 1.237 | 3.097.304 | 8.641.631 | 10.413.517 | 22.152.452 | 32.730.097 | 12.233.701 | 8.182.524 | 3.058.425 |
| споредба12/13 | | 23% зголемен прилив | 25 % зголемување | 25 % зголемување | 14% зголемување | 28 % зголемување | 22 % зголемување | 19% зголемување | 20% зголемување | 19% зголемување | 20% зголемување |
| Основен суд Делчево, Берово, Виница и Кочани | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 4 | 5.191 | 2.275 | 1.977.307 | 12.514.847 | 5.937.701 | 20.429.855 | | | 5.107.463 | |
| 2012 | 5 | 7.625 | 2.272 | 2.054.867 | 10.387.388 | 7.471.034 | 19.913.289 | 32.869.082 | 10.246.934 | 6.573.816 | 2.049.387 |
| 2013 | 5 | 8.203 | 2.502 | 2.266.857 | 14.383.148 | 5.955.717 | 22.605.722 | 31.419.518 | 9.665.285 | 6.283.904 | 1.933.057 |
| споредба12/13 | | 7% зголемување | 9% зголемување | 9% зголемување | 28 % зголемување | 20% намалување | 12 % зголемување | 4,5% намалување | 5,7 % намалување | 4% намалување | 6% намалување |
| Основен суд Куманово, Кратово и Крива Паланка | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 3.996 | 1.912 | 3.589.498 | 9.040.688 | 10.509.075 | 23.139.261 | | | 3.305.608 | |
| 2012 | 8 | 8.254 | 1.987 | 2.276.951 | 9.104.556 | 9.541.670 | 20.923.176 | 30.407.306 | 13.413.599 | 3.800.913 | 1.676.700 |

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Применибарања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од администрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 9 | 9.908 | 3.208 | 2.764.086 | 10.776.034 | 8.514.800 | 22.054.921 | 32.238.652 | 14.157.158 | 3.582.072 | 1.573.018 |
| споредба12/13 | | 17% зголемување | 90% зголемување | 18 % зголемување | 16 % зголемување | 11% намалување | 5 % зголемување | 4,7% зголемување | 5 ,3% зголемување | 6% намалување | 6% намалување |
| Основен суд Охрид,Струга и Дебар | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 4 | 5.105 | 1.375 | 5.227.064 | 6.658.061 | 9.691.261 | 21.576.386 | | | 5.394.096 | |
| 2012 | 5 | 11.057 | 1.412 | 1.676.519 | 7.726.214 | 10.377.530 | 19.780.262 | 36.039.906 | 14.022.055 | 7.207.981 | 2.804.411 |
| 2013 | 5 | 5.751 | 1.540 | 1.989.484 | 8.803.602 | 12.532.131 | 23.325.217 | 46.383.502 | 17.757.757 | 9.276.700 | 3.551.551 |
| споредба12/13 | | 49% намалување | 10% зголемување | 16 % зголемување | 12 % зголемување | 17 % зголемување | 17 % зголемување | 23 % зголемување | 21 % зголемување | 22 % зголемување | 21 % зголемување |
| Основните судови Прилеп и Крушево | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 5 | 3.311 | 2.546 | 2.436.199 | 12.219.689 | 5.335.218 | 20.011.106 | | | 4.002.221 | |
| 2012 | 5 | 15.518 | 3.209 | 3.007.216 | 15.391.657 | 7.367.783 | 25.766.656 | 34.478.138 | 11.086.839 | 6.895.628 | 2.217.368 |
| 2013 | 5 | 5.741 | 3.869 | 2.931.834 | 15.617.196 | 7.559.912 | 26.108.942 | 35.206.792 | 10.767.062 | 7.041.358 | 2.153.412 |
| споредба12/13 | | 300% намалување | 17% зголемување | 3% намалување | 1 % зголемување | 3 % зголемување | 1 % зголемување | 2 % зголемување | 3% намалување | 2 % зголемување | 3% намалување |
| Основен суд Струмица и Радовиш | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 6 | 5.307 | 2.792 | 3.546.031 | 14.105.495 | 14.463.254 | 32.114.780 | | | 5.352.463 | |
| 2012 | 7 | 8.817 | 2.844 | 3.415.353 | 14.111.638 | 13.078.600 | 30.603.591 | 37.485.446 | 14.375.890 | 5.355.064 | 2.053.699 |
| 2013 | 7 | 9.499 | 3.404 | 3.474.462 | 15.336.260 | 13.487.009 | 32.297.731 | 38.412.218 | 13.429.471 | 5.487.460 | 1.918.496 |
| споредба12/13 | | 7% зголемување | 16% зголемување | 2% зголемување | 8% зголемување | 3 % зголемување | 5 % зголемување | 2,5 % зголемување | 6,6% намалување | 2% зголемување | 7% намалување |

| Извршители по подрачја | бр. изв рш ите ли | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од аминистрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен суд Штип и Св. Николе** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 4.535 | 2.958 | 3.809.787 | 11.904.818 | 12.553.207 | 28.267.812 | | | 4.038.258 | |
| 2012 | 7 | 7.356 | 2.463 | 2.634.783 | 10.383.237 | 8.928.668 | 21.946.689 | 35.022.265 | 16.010.884 | 5.003.181 | 2.287.269 |
| 2013 | 7 | 7.300 | 3.491 | 3.529.543 | 13.039.419 | 10.408.514 | 26.977.476 | 35.666.837 | 16.313.964 | 5.095.262 | 2.330.566 |
| **споредба12/13** | | 1% намалување | 29% зголемување | 25 % зголемување | 20 % зголемување | 14 % зголемување | 19 % зголемување | 1,9 % зголемување | 1,9 % зголемување | 2 % зголемување | 2 % зголемување |
| **Основен суд Тетово** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 5 | 3.898 | 1.455 | 4.334.109 | 5.014.369 | 4.342.335 | 13.690.813 | | | 2.738.162 | |
| 2012 | 5 | 9.011 | 1.777 | 1.535.514 | 6.625.662 | 7.467.768 | 15.630.231 | 28.168.393 | 13.074.071 | 5.633.679 | 2.614.814 |
| 2013 | 5 | 4.811 | 1.670 | 2.264.089 | 9.993.955 | 10.643.850 | 22.901.894 | 25.066.495 | 10.637.107 | 5.013.299 | 2.127.421 |
| **споредба12/13** | | 103% намалување | 6% намалување | 32 % зголемување | 34% зголемување | 30% зголемување | 32% зголемување | 88,988019 | 11% намалување | 11% намалување | 19% намалување |
| | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 80 | 78.232 | 31.979 | 65.235.162 | 194.137.177 | 198.373.935 | 457.746.274 | | | | |
| 2012 | 92 | 173.224 | 34.474 | 52.766.497 | 211.111.994 | 207.276.736 | 471.090.516 | 680.263.772 | 251.055.507 | 7.394.171 | 2.728.864 |
| 2013 | 98 | 141.115 | 46.729 | 57.667.327 | 241.847.571 | 226.846.453 | 526.361.352 | 735.768.489 | 263.868.724 | 7.507.842 | 2.692.538 |
| **споредба12/13** | | 19% намалување | 26% зголемување | 8,5% зголемување | 13% зголемување | 9% зголемување | 11% зголемување | 7,5% зголемување | 5% зголемување | 1,5% зголемување | 1,4% намалување |

Прилог 2

| | Број на извршители по подрачја по остварени приходи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 1 мил. | | | | | | Од 1 - 2 мил. | | | | | | Од 2-3 мил. | | | | | | Од 3-5 милиони | | | | | | Над 5 мил. | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| | 2012 | | | 2013 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2012 | | | 2013 | | |
| Скопје 1,2 | 2 | 1 | 10 | 2 | 1 | 6 | 5 | 3 | 8 | 3 | 2 | 11 | 1 | 3 | 4 | 2 | 1 | 6 | 7 | 5 | 4 | 10 | 5 | 7 | 18 | 22 | 8 | 18 | 26 | 5 |
| Битола и Ресен | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 | 4 | 5 | 2 | 4 | 5 | 2 |
| Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | 6 | 7 | 2 | 6 | 8 | 2 |
| Гостивар и Кичево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| Делчево, Берово, Кочани и Виница | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 3 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Куманово, Крива Паланка и Кратово | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 3 | 1 | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Охрид и Струга | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | 2 | 4 | 1 |
| Прилеп и Крушево | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Струмица и Радовиш | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 2 | 3 | 0 |
| Штип и С. Николе | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Тетово | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно** | **8** | **2** | **24** | **3** | **2** | **17** | **11** | **8** | **19** | **10** | **6** | **28** | **9** | **6** | **14** | **11** | **7** | **17** | **22** | **22** | **19** | **29** | **19** | **24** | **41** | **54** | **16** | **44** | **63** | **11** |

1. Број на извршители кои прикажале бруто приходи врз основа на цена за администрирање, цена за извршни дејствија и награда на извршителите
2. Број на извршители кои прикажале бруто приходи во завршна сметка
3. Број на извршители кои прикажале нето приход по прикажани расходи на извршители